Општинско основно училиште „Ацо Шопов“ - Скопје
Општина Бутел

Врз основа на член 12 2 од Законот за основно образование (Службен весник на РМ бр. бр.161/19) и од Статутот на ООУ „Ацо Шопов“– Скопје, Наставничкиот совет на состанок одржан на 29.01.2024 го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К

## За користење на компјутерите од страна на учениците и наставниците и нивна безбедност

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот на користење на компјутерите и другата ИТ опрема во наставата, правата и обврските на учениците и наставниците за правилно користење на компјутерите и одговорноста за евентуална штета.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ

### Член 2

Секој ученик и наставник во учелиштето имаат пристап до компјутер и друга ИТ опрема (телевизор, смарт табла) кои ќе се користат како средство за изведување на современа настава и пристап кон дигиталните образовни содржини и содржините кои што се наоѓаат на глобалната мрежа Интернет.

### Член 3

Сите компјутери се приклучени на компјутерска мрежа на училиштето, а преку неа секој ученик и наставник имаат пристап до интернет, своја електронска пошта и поврзаност со други училишта и установи.

### Член 4

Секој ученик се запознава со овој правилник на почетокот на учебната година, и со неговите обврски за правилна употреба и грижа за компјутерите.

### Член 5

Дежурните ученици се задолжуваат за пријавување на секоја настаната штета на компјутерите и друга ИТ опрема во нивната училница кај одделенскиот раководител, дежурниот наставник или кај стручната служба.

### Член 6

Одделенскиот раководител, дежурниот наставник или стручните соработници се должни веднаш по пријавувањето на промената односно штетата, да ја евидентираат кај директорот на училиштето.

Член 7

Дефинирањето на промена или евентуална штета ќе се врши со помош на стручно лице од областа на информатиката/службата за одржување на компјутерите.

Член 8

Од учениците се бара да ги почитуваат следните правила за безбедно работење во училишните компјутерски простории и мрежа:

1. Училишната компјутерска мрежа и интернетот се користат само за образовни цели;

2. Учениците да бидат внимателни со лични податоци и информации за себе и за своите родители, како име, презиме, лозинка, адреса, домашен телефон и сл.

3. Не се одобрува испраќање или објавување на фотографии на ученик/ наставник или нивни блиски, без претходно одобрување од страна на родителите, и наставниците

4. Учениците не треба да прифаќаат средби со лица што ги запознале на интернет, освен по одобрување на родителите или наставниците;

5. Учениците се должни да го известат веднаш лицето под чие набљудување и контрола работат кога се објавуваат нелегални содржини како порнографија, насилни содржини, или содржини кои опфаќаат насилство и тероризам, етничка и верска нетолеранција, трговија со дрога, коцкање и сл.

6. Учениците не треба да испраќаат или да одговараат на пораки кои се навредливи, заканувачки, непристојни и сл.

7. Учениците не треба не праќаат злобни пораки преку интернет, НИКОГАШ да не го користат интернетот за да наштетат некому

8. Учениците не треба да отвораат пораки добиени од непознат испраќач;

9. Учениците не треба да даваат лажни информации за себе;

10. Учениците не смеат да праќаат пораки од туѓа имејл адреса;

11. Забрането е користење на училишните компјутерски кабинети и мрежа за водење бизнис или нелегална активност;

12. Забрането е испраќање на анонимни или верижни пораки;

13. Забранета е активност која го загрозува интегритетот на училишната компјутерска мрежа или напаѓа други системи;

14. Забрането е користење на странски кориснички имиња, и е-пошти;

15. Забрането е да се прават плагијати. Противзаконски е да се копираат онлајн информации и да се претставуваат како сам да си ги напишал.

16. Кога работат на интернет, учениците мора да ги почитуваат правата на другите и да го зачуваат угледот на училиштето.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Со содржината на овој правилник родителите ќе се запознаат на почетокот на учебната година, а учениците на првиот одделенски час од страна на одделенските раководители.

Член 10

Овој правилник стапува на сила од денот на донесување.

Скопје, 29.01.2024

Директор:

Билјана Симоноска Антовска

-----------------------------------------